УДК 821.163.3-1.09
прегледен труд

# ПОЕЗИЈАТА КАКО ЧУДО, СОН И МИТ: ВО ПОЕТСКИОТ СВЕТ НА ВЛАДА УРОШЕВИЌ

**д-р Владимир Мартиновски**
Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје
Филолошки Факултет „Блаже Конески“, Скопје

**Клучни зборови**: Влада Урошевиќ, македонска поезија, (авто)поетика, чудо, ново, сон, надреализам, интермедијалност, алхемија, Медитеран
**Key words**: Vlada Uroshevikj, Macedonian poetry, (auto)poetics, miracle, new, dream, surrealism, intermediality, alchemy, Mediterranean

Поетскиот свет на Влада Урошевиќ импонира со енциклопедиската разнообразност и пропознатливост, со ураганска сила на изненадувањето и со (хипер)сензибилноста за Чудното, Чудесното и Необичното во животот и во уметноста. Објавени во текот на точно шест децении, неговите кохерентни, разиграни и внимателно структурирани стихозбирки [*Еден друг град* (1959), *Невиделица* (1962), *Манекен во пејзажот* (1966), *Летен дожд* (1967), *Ѕвездена терезија* (1973), *Нуркачко ѕвоно* (1975), *Сонувачот и празнината* (1979), *Хипнополис* (1986), *Ризиците на занаетот* (1993), *Мане, Текел, Фарес* (2002), *Тајно злато* (2016) и *Безразборна лабораторија* (2019)] изобилуваат со песни во кои се одигрува извонредна синтеза на неисцрпната љубопитност, игривост и поетско мајсторство.

Влада Урошевиќ е поет што успева во секоја етапа од творештвото, во секоја нова книга, но и во секоја нова песна да ја задржи и да ја продлабочи свежината и усетот за Новото, Неистраженото, Неоткриеното. Секој негов стих е потрага по мисловна, духовна и јазична авантура. Таа неисцрпна жед ѝ дава на неговата поезија неодолив шарм и привлечност. За Урошевиќ поезијата е пат кон неизмерно возбудливи откритија, кои се осведочуваат преку јазикот. Уште во раната песна „Ноктурно наречен откритија“, објавена во стихозбирката *Еден друг град* (1959), поетот загатнува една од основните мисии на поетската вокација: *треба одново да се откријат сите нешта.* Навистина, со секоја нова

песна поетот како да го открива светот во целина или како одново да ни открива еден нов свет. Фокусот на поетското истражување во поетскиот свет на Урошевиќ е токму загадочното, мистериозното и чудесното во светот и во човекот. Чудата во светот и светот како чудо. *Доволно е да замижам на едно око (...) и ќе ви откријам еден свет / што е многу почуден / од сè што вие знаете* – вели лирскиот субјект во песната „Чуда“. Низ суптилната поетска (пан)оптика на Урошевиќ, во која секогаш ја има чистината и луцидноста на детската визија на светот, сè има потенцијал да прерасне во Чудо! А, чудото во оваа поезија се одвива без прекини, и дење и ноќе.

Така, преку поезијата на Урошевиќ ги забележуваме малите, одвај видливи чуда (*неспокојството влегува во пејзажот / сосема незабележливо*), но и сосема бизарни сцени, како што е, на пример, *ноќното погребување на еден контрабас* од песната „Старовремски пејзаж“. Во поезијата на Урошевиќ како во ретко кој поетски опус доследно се негува чувството за мисијата на поезијата да создава и да ги препознава чудата. Така, во завршните стихови од песната „Непредвидени прошетки“ лирскиот субјект нè советува: *Внимавајте, / можеби зад овој агол ќе ве пречека изнанадувањето,* а сонетот „Марк Шагал“ кулминира со поетската слика што евоцира едно од чудата во сликарството: *Помеѓу сето тоа, како во стара песна, / се случува чудо: во нестварност лесна / заспаните љубовници летаат кон небото.* Една од улогите на поезијата (и на уметноста, воопшто) е да очудува и да нè зачудува, како во финалето од сонетот „Хиеронимус Бош“: *Но каде што стоеше сликарот стојат сега двајца / еден што се смее и еден што се плаши.* Се чини дека таа мисија поетот си ја поставува при создавањето на секоја нова песна.

Во океанот од изненадувања и чуда во поезијата на Урошевиќ, едно од привилегираните места е резервирано за креативната трансформација на древните и на современите митови. Како врвен познавач на митологиите, поетот е свесен дека митовите нeретко имаат ајтиолошка улога, сугерирајќи одговор за прашањето за потеклото и создавањето на светот и на човекот. Една од стожерните митски матрици, односно приказната за создавањето, поетски е реактуализиран во раната песна „Книга на создавањето“ од Урошевиќ. Реинтерпретирајќи ги древните митови за преобразбите како предуслов за создавање и како претпоставка за „единството во светот“, поетот во оваа песна ја надминува дихотомијата микро- и макрокосмос, упатувајќи на примордијалните врски меѓу човекот и пејзажот:

*Овој пејзаж*
*ги добива нашите облици*
*како љубовта во нас*
*или како сонцето во плодовите.*

Според мислењето на Калил Џибран, една од ролјите на поезијата е да ни го доближи „чувството за единство во светот“. Поезијата на Урошевиќ целосно се носи со тој тежок предизвик, потсетувајќи нѐ дека *ние сме отсекогаш тука / од кога и овие карпи / можеби и порано / ни најстарата школка не знае / кога сме дошле ние / старите родинини на водата.* Алудирајќи на вечното (кружно) движење (на водата) во природата и надоврзувајќи се на митско-религиозниот концепт на метаморфозата, лирскиот субјект ја пласира следнава (хипо)теза:

*веќе десетпати*
*се претворивме во облаци*
*во овошки*
*и во некои други работи.*

Лирската реинтерпретација на митемата за „Златниот век“ и „совршенството на почетоците“ ја среќаваме во парадигматичната песна „Златен век, детство“. Имено, на индивидуален план, за поетот детството е еден вид „пандан“ на совршенството при создавањето на светот од древните митови. Секој човек има можност и да престојува во (но, и да биде изгонет од) рајот на детството, па можеби затоа овој омилен топос од поезијата на Урошевиќ има толку силна и универзална привлечна моќ. Доловувајќи ги со минуциозна прецизност и со неверојатна свежина на импресиите, глетките, доживувањата и сликите од детството, лирскиот субјект во неговите песни (како и во неговите расказ или во извонредниот роман *Мацун*) едновремено го актуализира и митот за губењето на рајот:

*Имаше и лоши маѓосници што со своите чинки*
*ни го заменија сето тоа за пластика и за хартиени пари*
*и нѐ измамија дека на тој начин ќе станеме возрасни.*

Митот за загубениот рај и за постепената деградација на почетните креативни сили е воспеан и во песната „Пеперуги“. По долгата низа изненадувачки споредби (со поштенски марки, со исечоци од стари

енциклопедии или со лепливи сликички), пеперугите во истоимената песна на Урошевиќ прераснуваат во метафора на загрозеноста на Убавината (а, и на поезијата) во нашиот суров свет:

*Дали се во прашање пестициди или други пронајдоци,*
*но главно ги има сè помалку, сте забележале:*

*како, впрочем, и сите убави нешта*
*што премолчено се прогласени за непотребни украси.*

Урошевиќ е поет што е во постојан дијалог како со митологијата така и со стотиците поети, кои мајсторски ги има преведено на македонски јазик. Тој често нè води во лавиринтските простори на светите приказни од минатото. Така, насловот на песната „Минотаур“ недвосмислено упатува на врската со митот за лавиринтот, кој е накусо прераскажан во осмото пеење од *Метаморфози* од Овидиј Публиј Насон, чии „протагонисти“ се Минос, Пасифаја, Минотауротот, Тесеј и Аријадна. Во оваа песна на Урошевиќ се одигруваат неколку (меѓусебно поврзани) шокантни метаморфози, кои во голема мера го илустрираат неговиот поетски пристап кон митот и кон митското. Првата преобразба се однесува токму на минотауротот: ако во почетниот стих од првиот катрен (*Огромно нечисто животно, наполу бик, наполу човек*) сликата на минотауротот целосно кореспондира со сликата од митовите и стиховите на Овидиј (*двојното чудо, бикот и младич*, VIII, 176), тогаш во последниот стих од третиот катрен читателот се соочува со една „преобразена слика“. Еве едно од чудата на поезијата: застрашувачкото чудовиште минотаур во текот на песната е „преобразено“ во припитомено домашно животно: *Две постари дами на бикот му даваат малку трева*.

Втората метаморфоза се однесува на лирскиот субјект: во почетната строфа лирскиот субјект е под закана да биде жртва на страшниот минотаур (*ме бара со погледот зловест*), а во втората строфа е очигледна алузијата дека лирскиот субјект би можел да се идентификува со улогата на митскиот Тесеј (*стојам со секира в раце, решен да се борам*). Во секоја песна на Урошевиќ постои суптилен пресврт, а пресвртот во оваа песна на двете претходни рамништа е артикулиран и преку преобразбата на хронотопот: во втората строфа експлицитно се споменува *Лавиринтот, рамнодушна замка*, со што се упатува на митскиот простор, т. е. на просторот што по налог на Минос

го изградил Дајдал, бидејќи, како што сведочат стиховите на Овидиј, критскиот владетел *одлучи срамот од леглото брачно тој да го тргне / и да го скрие во зграда с многубројни влезови мрачни* (VIII, 164-5). Оттука, клучното изненадување во песната на Урошевиќ се одигрува токму врз идејата за *метаморфозата на хронотопот*: ако на почетокот на песната се добива впечатокот дека настанот се одигрува во *митскиот простор и време*, тогаш третиот катрен упатува на контекстот на нашата современост, во која некогашниот опасен простор во кој се верувало дека живеел Минотаурот сега е преобразен во туристичка атракција: *На повеќе јазици одеднаш се слушна врева. / Водичот објаснува, туристите чкрапаат со апарати.*

Следствено: ако настанот не се одигрува во Лавиринтот од митското време, тогаш ни лирскиот субјект не е Тесеј, туку еден од посетителите на археолошкото наоѓалиште на островот Крит. Така, ползувајќи ја митската граѓа, ставена во еден ониричен контекст, во песната „Минотаур" поетот ја варира темата на преобразбата: навидум познатата содржина во песните на Влада Урошевиќ секогаш се појавува во нова, изненадувачка светлина. Станува ново Чудо.

Во поезијата на Урошевиќ невралгичните тематски нишки честопати се проникнуваат. Таков е случајот со митот и со сонот, како во песните „Митологија на сонот" и „Пророштвото на сонот". Во првата песна искуството на сонувањето се споредува со библиската приказна за потопот (*Постелата е ковчег Ноев. / Сонот е последен Потоп* [...] *Знак за будењето е гулаб*), а во втората – тематизацијата на пророчката димензија на сонот се вкрстува со „кобната" димензија, пророштвото, загатната во митот за тројанската проколната пророчица Касандра, чија судбина е обработена во првиот дел од трилогијата *Орестија* на Ајсхил. Еве како е реактуализиран митот за Касандра во песната на Урошевиќ:

*Напразен ѝ е викот:*
*на пророштвото темно*
*не му верува никој –*
*ни Троја ни Агамемнон.*

Сличен пример е и фасцинантната песна „Нерешително однесување", во која на еден алузивен начин е сугерирана врската со еден од фундаменталните митови од т.н. „Тројански циклус", митот за грабнувањето на најубавата жена (Елена) од страна на тројанскиот принц Парис.

Пишувани се илјадници страници околу однесувањето на Елена при грабнувањето/заведувањето од страна на Парис, а поетскиот коментар пласиран во оваа песна, во која, патем кажано, воопшто не се споменува нејзиното име, гласи: *доаѓа црвен чун. / Кон него сега ја водат едната / од убавите жени која, се чини, се противи.* Во песната на Урошевиќ лирскиот субјект, соочен со драматичноста на настанот чии последици се раскажани во Хомеровите епови, тематизирајќи го нерешителното однесување на убавата жена, со иронична дистанца се соочува и со сопствената „нерешителност“:

*Што ако расипам*
*некој настан кој е наменет*
*да биде раскажуван потоа со векови*
*во сите книги што зборуваат за митологија?*

Поинаку кажано, Урошевиќ не само што ги реинтерпретира древните митови преку поезијата туку и ги осмислува улогите и статусот на митот. Песната „Лавиринт“ сведочи за свеста за десакрализацијата на митот во современиот контекст. Луѓето како да ја заборавиле ритуално-сакралната димензија на митот: *Мора да постои некое правило / но времето од оската се иставило / И сето знаење се заборавило,* предупредува поетот. Имено, како во фасцинантната песна поврзана со еден од митовите за загубениот рај, песната „Атлантида, остатоци“, денес како да се соочуваме со „остатоците“ од древните митови и знаења. Но, во поезијата на Урошевиќ токму митовите можат да нè вратат на мудростите таложени со векови, како во реинтерпретацијата на митот за златното руно во песната „Аргонаути“:

*има мигови кога сè конечно добива своја вредност*
*и кога заблудата, и онаа најлудата,*
*е единствен пат кон чудата.*

Поезијата на Урошевиќ е едно од најсугестивните сведоштва за припадноста на македонската култура во медитеранската културна сфера. Во неговата поезија Медитеранот е и чудесен хронотоп и еден вид Чудо. Уште од првата стихозбирка не може да не се забележи значењето на медитеранските кодови во поезијата на Урошевиќ. Читателот е соочен со еден вид *панаѓур на светлината*! Поезијата на Урошевиќ е натопена со

медитеранското сонце, со медитеранските пејзажи, мириси и штимунзи, бои и нијанси. Некои песни мирисаат на оригано, на морски бранови или на јужни плодови. Уште од најраните песни Урошевиќ умее да го опее мигот кога е сонцето во зенит. Кога сенките се најкуси. Кога во пејзажот се вселува медитеранското неспокојство. Неговата поезија е едновремено поезија на суптилни атмосфери, штимунзи, сетинзи.

Притоа, морскиот пејзаж е неретко објект на копнеж, како во песната „Куќа опкружена со зрело жито“, во која *човекот што спие насон вели: „Море.“* Во поезијата на Урошевиќ морето ретко се опева експлицитно, меѓутоа честопати се насетува неговата близина или присуство, како во песната „Насетување на морето“:

*Однекаде упорно мириса на сол*
*и небото од едната страна на градот се шири*
(...)
*Стојам на плоштадот, а глас ми праќа*
*морето, оддалечено сто и една морска милја.*

Создадена како плод на интертекстуална врска со песната „Т’га за југ“ од Константин Миладинов, песната „Тагување по југот“ на Урошевиќ го проширува контекстот на тагување и носталгијата по југот и светлината: во првиот дел од песната лирскиот субјект не го именува градот обвиен во магла, но југот го посочува како посакувана дестинација (*Во градот полн со магли сега владее зима. / Но таму, на југ, по дрвјата сè уште плодови има*); во вториот дел се тематизирани неколку поети што ги обединува токму патувањето на југ (Бајрон, Лермонтов, Бодлер, Рембо и Константин Миладинов), а во третиот – копнежот кон југ добива митска димензија на „ветена земја“:

*Тој ни ја нуди целта, тој е ветена земја.*
*Тој е тој остров најден по бродолом.*

*Југ: дом во кој само в сон сме биле*
*но кој ни е роден дом.*

Поетскиот сензибилитет на Влада Урошевиќ е особено чувствителен за промените во природата и во урбаниот пејзаж. Во еден речиси ликовен манир, уште од првата стихозбирка поетските слики ги сликаат

суптилните промени и играта на светлините и на сенките. Во поетскиот опус на Урошевиќ среќаваме серии впечатливи песни поврзани со специфичната атмосфера во различни делови од денот и ноќта: „Утринска инвазија", „Попладне по дождот", „Мириси на попладнето", „Попладневно капење во море", „Попладневна луња"... Би можела да се пласира тезата дека, покрај Ацо Шопов и Матеја Матевски, Влада Урошевиќ е еден од македонските поети што им посветува особено внимание на песните посветени на ноќта. Неговите впечатливи ноктурна се распоредени по сите поетски книги. Една од стожерните причини би можеле да ја лоцираме во врската со топосот на сонот и сонувањето, но втората клучна причина за интересот за ноктурното, секако, би можела да се поврзе со афинитетот за ирационалното, чудесното и загадочното. Како особено впечатливи ноктурна во поезијата на Урошевиќ би ги издвоиле следниве песни: „Ноктурно наречено откритија", „Ноќни куќи", „Ноќен препад", „Ноќ со месечина", „Ноќна пловидба", „Ноќен пад", „Ноќно бегство", „Ноќен лет", „Ноќна мешаница", „Самрак в бавча", а се чини дека за „кулминативна точка" во поезијата на Урошевиќ во овој домен би можеле да ја посочиме фантазмогоричната (нај)долга песна сон на Урошевиќ, „Ноќ на полна месечина над Скопје", во која е акцентирана таа естетски продуктивна димензија на ноќта како период во кој сè се преобразува и добива ново значење: *Градот е лесно изместен: / кога некој би имал компас / би видел дека тој сега инаку лежи под ѕвездите. / Ништо не е исто.* (...) *Камениот мост не е од камен: тоа е килибар / и стара слонова коска, малку потемнета / од вековите.* Во оваа песна токму ноќта е период во кој *Месечината / смета за своја должност / да ги измеша картите / на можното и невозможното.*

Покрај сензибилноста за промените во текот на деноноќието, лириката на Урошевиќ, слично дури и на духот на хаику-поезијата, има истенчено чувство за промените поврзани со годишните времиња. Тие промени се доживуваат како еден вид чуда. Посебно е впечатлива фасцинацијата од фантазмогоричните промени во градскиот пејзаж: во летниот амбиент (како во песните: „Лето", „Летна прикаска", „Летни огнови", „Крај на летото", „Летен дожд", „Летен самрак", „Детска летна приказна", „Летна ноќ"...), во зимскиот амбиент (како во песните: „Зимска песна", „Јужни овошки среде зима", „Блага зима", „Зимски свечености") или во пролетниот сетинг (како во песните: „Како доаѓа пролетта", „Пролетно расположение", „Опасности на пролетта", „Пролетен парк", „Пролетна читанка", „Првите горештини", „Пролетна ноќ").

Во предговорот кон Избраните дела (во десет тома) на Влада Урошевиќ, Лидија Капушевска-Дракулевска, меѓу многубројните луцидни проникнувања во тајните на оваа поливалентна творечка личност, ни нуди еден драгоцен херменевтички клуч за неговиот поетски потход: „Следејќи го Рембоовиот поетски модел, овој поет проектира свет на неред и сложени асоцијативни врски, устоличува еден нов, апсолутно непознат, 'отворен' по својата структура, поетски поредок. Следствено, сите елементи на песната се подредени на транспозицијата на таа 'сетилна халуцинација' до која поетот допира во своите визии" (2004: 6–7).

Се чини дека ова извонредно проникливо упатување на Капушевска-Дракулевска може да ни биде исклучително полезно за еден значителен корпус поетски текстови на Урошевиќ во кои се тематизирани драматични ситуации, во кои се испреплетуваат кошмарните визии (како, на пример, во песните „Морници", „Дете разбудено во ноќно бомбардирање", „Лоши соништа", „Прогонители" или „Кобно недоразбирање") и апокалиптични, катастрофични сцени (како, на пример, во песните „Тревоги", „Наезда", „Смут", „Бегство", „Хаос", „Опсадна состојба", „Тревога", „Поплава" или „Земјотрес")... Во многубројните песни со катастрофични ситуации и фантазмогорични слики (особено песните од бравурозниот циклус „Панична планета") се препознава уште една древна митска матрица: преку песната светот се враќа во состојба на хаос, за одново да настане еден нов, непредвидлив и уште повозбудлив „космос", во кој не е ниту загубена привлечната сила на хаосот.

Една од есеистичките книги на Урошевиќ, посветена на фантастиката во сликарството, носи парадигматичен наслов – *Чуда и чудовишта.* Навистина, и во неговата поезија има и чуда, но и чудовишта! Песните во кои се појавуваат чудовишта, особено тие од циклусот „Кула со чудовишта" во стихозбирката *Хипнополис* (особено „Спитомени чудовишта", „Мртви чудовишта", „Свето чудовиште", „Кула со чудовишта"), се одлична демонстрација за проникнувањето на ониричното и доживеаното, на страшното и хумористичното, на имагинарното и реалното во поезијата на Урошевиќ: чудесното се поврзува со секојдневното, а чудовиштата од митовите, легендите и приказните дефилираат не само во соништата ами и во јавето, како во песната „Чудовишта":

*Топли и мазни, убави и свирепи,*
*чудовиштата в самрак излегуваат од аглите.*

*Како сиаро кадифе им свеика крзноио,*
*како йорцелан им е белкаиа на очиие.*
(...)

*Тие се секаде наоколу, ужасни и ӣривлечни,*
*и дешешо ӣи йодава во восхиш рацеше кон нив.*

Напати дури и нештата што секојдневно ги среќаваме околу нас, како што се, на пример, автобусите, во поезијата на Урошевиќ се доживуваат како еден вид чуда и чудовишта, како во песната „Вечерен автобус“: *Тој авшобус шшо ӣлови навечер низ ӣрадош: / шоа весело чудовишше, шоа ӣлашило.* Имено, чудовиштата, како претставници на монструозното, тука не се (само) за да не застрашат туку и да ни ја покажат привлечната сила на чудесното во еден конкретен облик.

Во духот на неологизмот „Хипнополис“, според кој е именувана стихозбирката на Влада Урошевиќ, предлагаме да разгледаме уште еден неодминлив опсесивен топос во неговата поезија – сонот и градот. Сонот е една од клучните творечки магми од кои избликнува лирската инвентивност на овој поет, а хронотопот на сонот најчесто е поврзан со градот. Сонувачите се главни херои во низа циклуси од поезијата на Влада Урошевиќ. Привилегијата да се биде сонувач е една од најголемите дарби што може да ги добие човекот. Оти, како што се вели во песната „Тајната на сонувачите“: *Сӣијачиише си сӣијаш, / сонуваaш само сонувачиише.*

Во поезијата на Влада Урошевиќ сонот како „генератор на Чуда“ има огромен број улоги. Како исконски изблик на човековата креативност, како „мислење во слики“, како интуитивно спознание, како облик на вечно изненадување... Секако, сонот за поезијата на Урошевиќ е битен и како генератор на „состав од собитија“. Поезијата на Влада Урошевиќ поседува силна наративна компонента: речиси секоја песна сугерира некоја приказна, а понекогаш само со еден катрен поетот нè воведува во сплет од настани, та оттука е честата употреба на второто лице во песните (за читателот) да се вовлече во сцената од „приказната“.

Наративната компонента на песните, кои во кондензирана форма имаат потенцијал да прераснат не само во расказ туку дури и во сценарио на филм, особено е видлива во финалните строфи и стихови од песните на Урошевиќ: во стилот на опитен раскажувач (што, секако, овој автор е),

поетот суверено нè води кон пресвртите во приказните сугерирани со претходните стихови.

Општопознато е дека Урошевиќ е поет што води суптилен дијалог со ликовната уметност. Тој е автор на првиот циклус екфразиска поезија во рамките на современата македонска лирика. Станува збор за циклусот сонети „Платна“, поместен во неговата втора поетска книга *Невиделица* (1962), циклус песни што, бездруго, претставува промислен и префинет поетски дијалог со тајните на ликовната уметност. На концептуално рамниште, циклусот сонети „Платна“ несомнено добива статус на прв поетски „Имагинарен музеј“ во современата македонска поезија, затоа што седумте сонети се темелат врз ликовните опуси на седум сликари (Хиеронимус Бош, Питер Бројгел, Винсент ван Гог, Миленко Станчиќ, Ордан Петлевски, Марк Шагал и Милена Павловиќ Барили). И во најновата поетска книга на Урошевиќ *Безразборна лабораторија* (2019), поетот создава извонредна серија нови и свежи поетски илуминации во дијалог со познати ремек-дела од доменот на сликарството. Лириката на Урошевиќ поседува исклучително моќна сликовитост, напоена од неговата богата ликовна култура, за која сведочат и неговите многубројни ликовни критики и студии. Од денешна перспектива е сосема јасно дека континуираниот афинитет кон сликарството во творештвото на Урошевиќ грижливо е негуван речиси во сите негови поетски книги, но, исто така, и во доменот на ликовната критика – во есеите за сликарството од книгите *Врсници* (1971), *Мрежа на неуловливото* (1980) и *Астролаб* (2000) – како и во неговите исклучително вешто компонирани интермедијални студии посветени на фантастиката во сликарството, *Чуда и чудовишта* (2001) и на надреализмот во ликовната уметност – *Измислени светови* (2003).

Но, Урошевиќ не го бара чудесното само во сферата на визуелното. Неговиот раскошен поетски јазик во огромна мера се занимава и со фонетските и со музичките потенцијали на поетскиот израз. Неслучајно некои негови песни асоцираат дури и на магиски инкантации. Во втората половина на XX и во почетокот на XXI век, вештината на римување во поезијата безмалку стана ендемична појава. Во голем број јазици уште поголем број рими станаа изабени, изветвени. Премногу употребувани. Рими-клишеа, кои станаа синоним за една „надмината“ слика за поезијата. Во еден таков контекст, поезијата на Влада Урошевиќ е вистинска реткост. Тој е поет што умее поразувачки разновидно и секогаш изненадувачки да римува. (Имајќи го предвид неговото огромно препејувачко

искуство, инвентивноста во римувањето можеби и не би требало толку да нè изненадува.) Со Урошевиќ се поврзува уште една раритетна појава во современата македонска поезија: значителен дел од неговата поезија е испеан во катренски римувани строфи, а без голем ризик би можело да се констатира дека неговите сонети се вбројуваат меѓу најголемите дострели на музичкиот семиозис на песната во целата современа македонска поезија.

Влада Урошевиќ е еден од најистакнатите македонски есеисти и толкувачи на поезијата на огромен број македонски и светски поети. Но, тој ја промислува поезијата и преку поетската реч, а најеклатантни примери има во поетските книги *Ризиците на занаетот* и *Мане, Текел, Фарес* (особено песните: „Што сакал поетот да рече со оваа песна“, „Сослушување на поетот“, „Ризиците на занаетот“, „Поплака на Питија и поплаката на поетите – запишувачи“, „Крајот на приказните“, „Пофалба на приказните на Шехерезада“, како и песните од циклусот „Прилози кон биографија“). Еден од стожерните (авто)поетички пунктови сигнализирани во песната „Ризиците на занаетот“ се однесува токму на непредвидливоста на поетското творештво. Во нашиот свет, во кој речиси сè станува однапред предвидливо, режирано и калкулирано, еден од последните бастиони на непредвидливоста е поезијата: *Но какви песни ќе напише поетот на таа хартија / тоа не може да се предвиди.*

Оттука, третирајќи ја тематски алхемијата, поетското писмо на Влада Урошевиќ во поетската книга *Тајно злато* (2016) прераснува во еден вид „метапоезија“: во секој стих, во секој катрен од оваа густо ткаена поетска мрежа, се проткајуваат нишки и паралели меѓу алхемијата како протонаучна и мистична симболична креативност, од една страна, и поетскиот чин, од друга. Првата дискретно пласирана паралела во *Тајно злато* ги тангира многубројните имплицитни споредби меѓу алхемичарот и поетот/уметникот. И едниот и другиот, во суштина, имаат сродна мисија: да се впуштат во авантурата по потрагата на „Универзалната аналогија“.

Всушност, кога во воведната песна „Алхемичар“ поетот пее: *На ѕвездите и металите тој односите ги толкува*, тој, се чини, истовремено пее и за средновековните алхемичари, но и за поетите од различни простори и времиња. Среде лавиринтот на својата лабораторија (неслучајно и најновата поетска книга на Урошевиќ нови наслов *Безразборна лабораторија*), алхемичарот неизоставно се соочува со ограниченоста и краткотрајноста на животот (*А песокот во клепсидрата неповратно*

*истекува*), но, сепак, му го посветува својот живот на творечкиот чин: *Но сепак тој нероденото кон раѓање го води.* Алхемичарот (а, и поетот/уметникот) настојува барем симболично да учествува во облагородувањето на светот: *Од нечистото помага чистото да се роди.* Копнежот за усовршување ја комплетира сликата на алхемичарот како творечко суштество: *Ги лекува минералите од несовршеност* (...) *Сака да го поправи светот што друга насока земал.* Од друга страна, како алхемичарот така и поетот со секоја строфа, песна и книга копнее да создаде „нова целина", нова (по)совршена структура: *А разделените нешта одново ги спојува во целост.* Но, судбината на алхемичарот од средниот век (како и на огромен број „проколнати" поети од различни времиња и простори) неретко имала трагичен епилог: *Ќе заврши на клада или во лудница / тој зборлив мочаливец, тој некорисен мајстор.* Маргиналниот статус на алхемичарската дејност не може без да нè потсети на често повторуваната теза за „бесполезноста" на поетската реч.

На крајот, предлагаме да се вратиме на темата мит – поезија, која е исклучително значајна за поетскиот светоглед на Влада Урошевиќ. Во воведниот есеј од митокритичката книга *Митската оска на светот* (1993), Влада Урошевиќ објаснува дека, „кога митот, минувајќи низ процесот на реактуализација, ќе се појави одново во некое книжевно дело, тој може да го покажува отворено и недвосмислено своето присуство, но и да не го открива веднаш и секому трагите на својата структура во организмот на делото (...) На митот му е поблиска состојбата кога сè не е докрај кажано, кога и содржината и пораката остануваат отворени за дополнувања и дообјаснувања, кога во доменот на конечната смисла внатрешното јадро одбива да му се отвори на погледот што сака сè да согледа и да сфати" (Урошевиќ 1993: 8). Се чини дека оваа констатација би можела да биде релевантна и за неговата поезија, која пред нас стои и како едно големо Чудо, и како една голема Загатка, и како еден никогаш дотолкуван Мит и како еден возбудлив и непредвидлив Сон.

**Литература:**


Георгиевски, Христо (1986) "Култивирана експресија и модерен лирски сензибилитет", *Разгледи,* јуни, бр. 6, стр. 616-637.

Друговац, Миодраг (1966) "Мигови на дестилирана реалност", *Современост,* бр. 5, 445-451.

Здравковски, Цане (1966) "Прошетка низ сферите на вистината и привидот", во: *Стремеж,* бр, 2, стр. 87-90.

Јанковски, Владимир (2003) *Огледало за загатката, разговори со Влада Урошевиќ.* Скопје: Сигмапрес.

Капушевска-Дракулевска, Лидија (2004) „", во: *Ѕвездени овоштарници,* (Избрани дела, том 1), Скопје: Магор.

Климан, Алдо (1974) "Сликата кај Влада Урошевиќ", во: *Сремеж,* јануари, 1974, бр, 1.

Константиновиќ, Зоран (2002) "Книжевни посредници Димитар Митрев и Влада Урошевиќ". XXVIII научна конференција на XXXIV Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура. Скопје.

Мартиновски, Владимир (2009) *Слики за читање – аспекти на екфразиската поезија.* Скопје: Магор.

Матевски, Матеја (1992) "Пред чудниот и чудесен свет на поетот Влада Урошевиќ", во: *Атлантида, остатоци,* Скопје, Македонска книга, 1992, стр. 5-10.

Урошевиќ, Влада (1959) *Еден друг град,* Скопје: Култура.

______ (1962) *Невиделица,* Скопје: Култура.

______ (1965) *Вкусот на праските,* Скопје: Култура.

______ (1966) *Манекен во пејзажот,* Скопје: Мисла.

______ (1967) *Летен дожд,* Скопје: Култура.

______ (1967) *Знаци,* Скопје: Мисла.

______ (1973) *Ѕвездена терезија,* Скопје: Нова Македонија.

______ (1975) *Нуркачко ѕвоно,* Скопје: Култура.

______ (1979) *Сонувачот и празнината,* Скопје: Македонска книга.

______ (1980) *Мрежа за неуловливото,* Скопје: Македонска книга.

______ (1984) *Компасот на сонот,* Скопје: Мисла.

______ (1986 ) *Хипнополис,* Скопје: Македонска книга.

______ (1992) *Атлантида, остатоци,* Скопје: Македонска книга.

______ (1993) *Ризиците на занаетот,* Скопје: Култура.

______ (1993) *Митската оска на светот,* Скопје: Студентски збор.

______ *Паники* (1995), Скопје: Гоце Делчев, Култура.

______ (2002)*Чуда и чудовишта - за фантастиката во сликарството.* Скопје: Магор.
______ (2002) *Мане, Текел, Фарес.* Скопје: Три.
______ (2003) *Измислени светови - за надреализмот во сликарството.* Скопје: Магор.
______ (2004) *Ѕвездени овоштарници,* (Избрани дела, том 1), Скопје: Магор.
______ (2016) *Тајно злато,* Скопје: Магор.
______ (2019) *Безразборна лабораторија*, Скопје: Магор.
______ (2019) *Лавиринт – избор од поезијата* (прир. Никола Гелевски), Скопје: Темплум.

# POETRY AS A MIRACLE, DREAM AND MYTH: IN THE POETIC WORLD OF VLADA UROSHEVIKJ

**Vladimir Martinovski**

## Summary

This paper represents an attempt to provide a summary of the key points of the poetic work of the Macedonian poet Vlada Uroshevikj (1934), through the analysis of poems from 12 books of poetry that he has published during the course of the last 6 decades. The poetic world of Vlada Uroshevikj impresses with its encyclopedic versatility and distinctiveness, the hurricane force of his ability to surprise, as well as his (hyper)sensitivity for the miraculous and the unusual in both life and art.

Vlada Uroshevikj is a poet who manages, in every stage of his career, with every new book, and with every new poem to both maintain and deepen his ability to stay fresh and his sense for the Unseen, Unexplored, Undiscovered. Every verse of his is a new quest for an intellectual, spiritual and linguistic adventure: for Uroshevikj, poetry represents a journey towards immensely exciting revelations that are described through the power of language. One of the privileged aspects of his poetry is reserved for the creative transformation of ancient and modern myths: those seemingly well-known stories always shine with a new and surprising light in the poetry of Vlada Uroshevikj.

The poetry of Uroshevikj represents one of the most telling arguments which prove that Macedonian culture truly belongs in the Mediterranean cultural area. In his poetry, the Mediterranean is present as a miraculous chronotope and a miracle in itself. His poetry is infused with the Mediterranean sun, landscape, atmosphere, scents, colours and shades. The poetic sensibility of Vlada Uroshevikj is quite sensitive to the changes in both nature and the urban landscape. Starting with his first collection of poetry, he draws poetic images in an almost painterly manner to depict the subtle changes and the interplay between the light and the shadows.

Dreams as a theme are one of the key creative volcanic outlets which burst with the lyrical inventiveness of this poet, while the chronotope of the dream is most often linked to the one of the city. Dreamers are one of the main heroes in a series of poetic cycles in the opus of Vlada Uroshevikj. The

privilege to be a dreamer is one of the greatest gifts that a human being can have. Because, as the poem "The Dreamers' Secret" says: *The sleepers are sleeping, only the dreamers are dreaming*. In the poetry of Uroshevikj, the dream as the "generator of Miracles" plays a myriad of different roles. It can be the primordial outflow of human creativity, "contemplation in images", intuitive perception; finally, it can be a form of never-ending surprise.

It is common knowledge that Uroshevikj is a poet who has always been in a subtle dialogue with art, especially painting. He is the author of the first cycle of ekphrastic poetry as a constituent part of the contemporary Macedonian poetry. Specifically, that is the sonnet cycle "Canvases", included in the second book of poetry *Unseeing* (1962), a poetic cycle which constitutes a deliberate and refined poetic dialogue with the mysteries of fine art. Another unique phenomenon in Macedonian poetry is linked to Uroshevikj that is the fact that a significant portion of his poetry is written in rhymed quatrains. Moreover, it wouldn't be an exaggeration to state that his sonnets are among the greatest achievements of musical semiosis in the entirety of contemporary Macedonian poetry.